**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-**

# З А П И С Н И К

**Од 110-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 12.03.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Ивана Трајковска,м-р Ристе Панов,Илир Рамадани,Косана Николиќ Мазнева, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ, Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет. |

Седницата започна во 14:20 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 109-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2019-31.12.2019 година.

3. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2019 година.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 109-та седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 109-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 109-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 109-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2: Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2019-31.12.2019 година.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2019-31.12.2019 година.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ објасни пред присутните дека Надзорниот одбор на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2019-31.12.2019 година без забелешки.
Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација даде свое објаснување по однос на загубата која е искажана во извештајот дека се прави вредносно усогласување со Радиодифузна такса и затоа е искажана толкава загуба.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2019-31.12.2019 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2019-31.12.2019 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2019-31.12.2019 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2019 година.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2019 година.
Потоа свое излагање имаше Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски со констатација дека Надзорниот одбор на своја седница го разгледа годишниот финансиски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во 2019 година, без поголеми забелешки.

По расправата Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2019 година беше ставен на гласање.

■**Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2019 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2019 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
Членот на советот Ристе Панов со прашање што е превземено од страна на надлежните и менаџментот во МРТ во врска со заштита на вработените од нovонастанатата ситуација со Корона вирусот,како и со навремено информирање на граѓаните.
Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација објасни дека се преземени многу мерки за заштита,дадени се насоки до сите претпоставени како да се постапува исто така набавени се средства за дезинфекција и за контрола на странките кои влегуваат и излегуваат во зградата на МРТ.Во насока на сето ова се одвиваат и состаноци со надлежните министерства како и со Центарот за управување со кризи во државава.
Претседателката на советот со пофалби до Одделението за заштита,безбедност и здравје при работа во МРТ и раководоителот на истото Љубиша Брајаноски за преземените мерки во врска со заштита од Корона вирусот во просториите на МРТ.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател